Funded by the European Union

EU with YOU

EU for Civil Resilience

# ProfilPASS









# Што претставува ProfilPASS?

Со помош на **ProfilPASS** може да се утврдат сопствените компетенции, стекнати во текот на животот. **ProfilPASS** помага во систематското истражување, документирање и претставување на овие компетенции. Притоа, семејството, слободното време и волонтирањето се еднакво важни како и професионалниот пат.

Во процесот на работа со **ProfilPASS** доаѓа до препознавање на сопствените компетенции. Овој процес, составен од рефлексија, документација и развој на еден индивидуален профил на компетенции може да биде поддржан од специјално обучени ProfilPASS - советници.

**ProfilPASS** за возрасни беше објавен во 2006 година. Оттогаш, оваа методологија во континуитет се преработува и проширува. Денес ProfilPASS како портфолио (работна тетратка) е достапно во осум верзии за различни целни групи.

ProfilPASS *за возрасни*

ProfilPASS *за млади*

ProfilPASS *за самостојна дејност*

ProfilPASS *на едноставен јазик*

ProfilPASS *без бариери - на лесен јазик*

ProfilPASS *за млади - Започни ја твојата кариера!*

ProfilPASS *за подготовка за пензионирање*

ProfilPASS *за жени – Ние можеме!*





# ProfilPASS Искуства

ProfilPASS служи за сортирање и структурирање на сопствениот живот. А тоа само по себе може да донесе само добро.

*учесник на ProfilPASS семинар*

Позитивниот резултат, дека јас во мојот живот можам повеќе отколку што мислев, е за мене многу важен. Пред се’, сега точно знам, што сакам да постигнам во животот.

*Вера учесничка на ProfilPASS семинар*

ProfilPASS е важен елемент во доживотното учење.

*Проф. д-р Рита Зисмут, поранешна Претседателка на Германскиот сојуз на Народни универзитети*



# Од кои поглавја се состои и како функционира ProfilPASS?



## Мојот живот

ProfilPASS започнува со еден поглед наназад на Вашиот досегашен живот. Што научивте? Каде стекнувавте искуства? И што од тоа Ви е важно денес? Што ви причинува особено задоволство?



## Моите полиња на активност

Без разлика дали станува збор за стручна квалификација, хоби или волонтерска работа – овде се земаат под лупа сите активности, се опишуваат од Ваша страна, се конкретизираат и проценуваат: Што е тоа што го правите со задоволство а пак, што е она што умеете добро да го правите?



## Моите компетенции

Во ова поглавје правите биланс: добивате преглед на Вашите особени компетенции и увид во тоа колку Ви се изразени некои од нив или пак кои компетенции со задоволство ги применувате.



## Моите цели

Искористете ги сознанијата за Вашите понатамошни животни планови: Кои се Вашите желби и лични цели? Со што би сакале професионално да се занимавате и кои Ваши интереси би сакале и понатаму да ги следите?

# ProfilPASS

Преглед на осумте верзии
и нивните целни групи




## ProfilPASS за возрасни

**ProfilPASS** ги поддржува возрасните во планирањето на нивниот понатамошен професионален развој, во подготовката за (повторен) влез во работниот живот, во професионалната и во личната (ре)ориентација и во планирањето на учењето во иднина.




## ProfilPASS за млади луѓе

Младите од 13-годишна возраст па нагоре, можат со оваа верзија на ProfilPASS да ги истражат своите силни страни и интереси. Притоа, тие особено ќе ги откријат своите знаења и вештини, кои не се опфатени со училишните оценки. Се набљудуваат сите области од животот: активностите во училиште се еднакво важни како и хобијата, времето поминато со семејството и пријателите.




## ProfilPASS на едноставен јазик

**ProfilPASS** особено ја става во фокус вонредната животна ситуација на новодоселените и е прилагоден на јазичното ниво Б1. ProfilPASS се карактеризира со скратени текстуални пасоси, засилена примена на визуелизации, пиктограми и примена на едноставен јазик.




## ProfilPASS за самостојна дејност

Овој **ProfilPASS** е наменет за луѓе кои сакаат да основаат фирма. Тие можат да ги рефлектираат и документираат своите вештини и искуства преку 13 претприемачки компетенции. Трансферот врз животот и врз појдовната точка за основање на фирмата на советуваното лице се поддржува преку биографски примери и сведоштва.




## ProfilPASS без бариери на лесен јазик

Се поддржуваат луѓе со когнитивни оштетувања и потешкотии во учењето. ProfilPASS е достапен да се добие во PDF –формат без бариери, кој е погоден и за слепи и за лица со оштетен вид. Други особености, освен користењето на лесен јазик се и скратените текстуални делови, како и користењето на табели, слики и помош за пополнување.




## ProfilPASS – Започни ја твојата кариера!

Оваа верзија на **ProfilPASS** е пред се' погодна за млади возрасни кои не се во образование, обука, ниту пак во работен однос. Таа се насочува кон животната ситуација, искуствата и потребите на целната група и ги поддржува одлуките за кариерен избор и процесите за пријавување за работа, со помош на дополнителни материјали.




## ProfilPASS за подготовка за пензионирање

Оваа верзија на ProfilPASS е наменета за луѓе кои се наоѓаат во преодна фаза кон пензионирање. Преку користењето на овој ProfilPASS тие можат да се занимаваат со своите компетенции и на тој начин да добијат поддршка за своето лично и постпрофесионално (до)усовршување, како и за (ре)ориентација.




## ProfilPASS за жени – Ние можеме!

Со оваа верзија, се поддржува (ре)интеграцијата на жените на пазарот на труд. Жените почесто се изложени на ризик од сиромаштија, на пример поради прекин во работниот однос или скратено работно време како последица на грижа за деца. Преку советувањето им се пружа поддршка на жените при рефлектирањето на утврдените компетенции и при определувањето на професионални полиња.

# Која е филозофијата на ProfilPASS?

Системот **ProfilPASS** се базира на хуманистички образовни цели. Во центарот на советувањето со **ProfilPASS** се наоѓа целокупната личност на човекот. Во согласност со неговата филозофија, ProfilPASS се карактеризира со следниве одлики:

**Пристап кој ги надминува границите на образовната сфера**
За да може да се создаде еден целосен профил на индивидуални силни страни, се вклучуваат сите средини и форми на учење.

**Биографско – систематски пристап**
Биографијата на корисникот е појдовна точка. Во фокусот се стаат поединечни животни етапи и активности.

**Развојно ориентиран пристап**
Од аспект на доживотното учење, процесот на утврдување и развој на компетенциите никогаш не завршува. ProfilPASS е погоден за секоја животна етапа – со документирање може повторно да се продолжи во било кое време..

**Учење на саморефлексија**
Преку интензивното занимавање со важните средини и форми во сопствената биографија, се изучува способноста за самонасочување и саморефлексија. Корисниците учат како да делуваат самоодговорно и како да се потпираат на своите силни страни.

**Отвореност кон резултат**
**ProfilPASS**, со својата отвореност кон резултат, се разликува од другите, затворени постапки. По правило, тие се состојат од барања за компетенции кои се однапред формулирани и однапред ограничени за одредени компетенции. Кај **ProfilPASS**, кој е систем отворен кон резултат, можат да дојдат предвид сите стручни и вон-стручни компетенции. .

**Доброволност**
Доброволноста за работа со ProfilPASS, е една суштинска основа за процесот на саморефлексија. Корисниците на **ProfilPASS** одлучуваат самостојно кога би сакале да фрлат поглед во содржините што ги обработиле.

**Отвореност за себеевалуација и евалуација од друг**
Во фокусот на **ProfilPASS** стои самозапознавањето со сопствените компетенции. Освен тоа, се препорачува, сопствените проценки да се надополнат со проценките од квалификуван советник. .

**Осигурување на квалитет**
На сите сертифицирани **ProfilPASS** – советници им е заедничко, што тие се обучени за работа со **ProfilPASS**

ProfilPASS

# Ние сме тука за Вас:

Во Северна Македонија, повеќе информации за ProfilPASS
може да добиете во:
Центар за доживотно учење
ул. Прашка, 44/1
1000 Скопје
Тел: 02/3061 242
e-mail: contact@lifelonglearning.mk
www.lifelonglearning.mk

Служба за поддршка при
Германскиот институт за
образование на возрасни:

e-mail: profilpass@die-bonn.de
www.profilpass.de

Овој материајл е дел од акцијата „Проценка на компетенции за реинтеграција и јакнење’, изработен со поддршка од Механизмот за граѓанска отпорност финансиран од Европската унија. За неговата содржина е одговорен Центар за доживотно учење и не ги одразува ставовите на Европската унија.